ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Изработка на веб-страница

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



Пишува:
м-р Златко Бежовски
zbezovski@yahoo.com

Веб- страницата претставува виртуелниот простор, каде што посетителите се среќаваат со понудата. Без оглед на тоа дали на посетителите ќе им понудиме информации, веб- услуги или производи, веб-страницата претставува основен елемент на онлајн бизнисот, од што во голема мера ќе зависи целокупниот успех.

Благодарение не развојот на софтверот, како и на онлајн алатките, изработката на веб- страници од ден на ден станува се поедноставна и за просечните корисници на Интернет. Сепак, покомплексните веб- решенија бараат знаење на повисоко ниво, како и соодветно искуство. Во почетокот, кога се обидувате да навлезете во водите на интернет- бизнисот и да стекнете сопствено искуство, најдобро е да се потпирате на сопственото знаење и самите да си ги изработувате веб- страниците. Понатаму, како вашите проекти ќе созреваат и растат, можете да ангажирате и професионалци за веб- дизајн.

Најлесен начин да се изработуваат веб- страници е со помош на таканаречените веб сајт билдери, кои претставуваат софтверски алатки кои значително го олеснуваат веб- дизајнот. Веб- билдерите може да се поделат на онлајн и офлајн билдери, во зависност од принципот на кој функционираат.

Изработката на блоговите за кои што зборувавме, се одвива преку еден вид на онлајн билдери. Како најпознати блог- сервери ќе ги споменеме wordpress.org и blogger.com, кои преку drag and drop функцијата значително ја олеснуваат изработката на веб- страниците. Поради едноставноста на употребата, блоговите претставуваат исклучително популарни и се користат од голем број поединци. Како недостаток кај блоговите можеме да ја наведеме малата можност за промени на дадениот концепт на поставеност на страниците.

Многу сличен на концепт на онлајн билдер, како оној кај блоговите, може да се најде и на pages.google.com, каде што добивате и ваш поддомен.

Еден од најпрактичните онлајн билдери, кои можете да ги користите без надомест на кој било ваш домен и хостинг, е joomla.org. Слично како кај блоговите, но со поголема можност за кустомизација (сопствено приспособување), на брз и лесен начин можете да го развивате вашиот веб- проект. Оваа алатка особено им ја препорачуваме на почетниците, кои ќе регистрираат сопствен домен и ќе обезбедат хостинг.

Онлајн билдерите претставуваат софтверски алатки за изработка на веб-страници, кои работат локално на вашиот компјутер. Откако ќе ја изработите веб- страницата, истата потребно е да ја качите на вашиот хостинг сервер со помош на FTP програма. Бесплатните офлајн билдери најчесто имаат повеќе недостатоци од предности, но сепак, можете да се обидете со еден од најпопуларните офлајн билдер BlueVoda (vodahost.com).

Доколку имате основни познавања од HTML ви препорачуваме да ги прескокнете сајт- билдерите и да започнете да работите со пософистициран софтвер за изработка на веб-страници, како што се, на пример, MS FrontPage и Dreamweaver. Овие програми, освен изработката на едноставни страници, нудат можност да се работат и сложени проекти кои автоматизирано ја организираат структурата на веб-страницата и истата да ја качуваат на серверот по потреба, односно да функционираат слично како сајт-билдерите. Други предности се тоа што постои голема можност за приспособување на страниците според вашите потреби и контролирање и менување на програмскиот код на страниците.

Без разлика на каков начин ќе се одлучите да ја изработувате вашата веб-страница, користењето на веб- шаблони (templates) значително ќе ви ја олеснат работата. Шаблоните претставуваат однапред изработени графички решенија за веб- страниците, со што на вас останува да го приспособите и да ги дополните со соодветна содржина. Дел од наведените програми имаат интегрирани шаблони, а нови бесплатни би можеле да најдете на freewebtemplates.com и други слични страници.

**Слдниот четврток:
Запознајте се со HTML, не каса!**